Уп. бр. 08-76

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија, со седиште на ул. Св. Леополд Мандиќ 10, Дугопоље, Република Хрватска, преку Маја Парговска адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 05.05.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија, со седиште на ул. Св. Леополд Мандиќ 10, Дугопоље, Република Хрватска, ќе стекне контрола над КАНАРИЈА д.о.о. за давање на услуги на марина, со седиште на Пут Веле луке 10, Супетар (Град Супетар), Република Хрватска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 16.04.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија, со седиште на ул. Св. Леополд Мандиќ 10, Дугопоље, Република Хрватска, со која ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија ќе стекне контрола над КАНАРИЈА д.о.о. за давање на услуги на марина, со седиште на Пут Веле луке 10, Супетар (Град Супетар), Република Хрватска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

-**ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија**, е со предмет на работење (основна дејност) – дејности на патнички агенции и туроператори. ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија е друштво кое особено се занимава со дејности на патнички агенции и туроператори (специјализирано за услуги на изнајмување на едрилици, моторни бродови, катамарани, како и изнајмување на туристички вили и хотелско сместување на островите Хвар и Брач во Република Хрватска), а во помал обем, како споредна дејност, со земјоделски активности (сопствени насади на винова лоза и маслинки) за производство на мали количини на вино и маслиново масло наменети за продажба во рамки на ОРБИКО Групацијата.

ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија е дел од Групацијата ОРБИКО и 100% е во сопственост на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб. ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска е друштво кое особено се занимава со трговија на големо и истовремено истото е застапник и дистрибутер на територијата на Република Хрватска за голем број на брендови кои се движат од производи за нега и убавина, прехрамбени и непрехрамбени производи, технички и електрични апарати, лекови, играчки, текстил, цигари, моторни масла и многу други производи.

Групацијата ОРБИКО е присутна во Република Северна Македонија преку:

Друштво за трговија и услуги ОРБИКО ДОО Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Општина Кисела Вода, 1000 Скопје, Република Северна Македонија со главен предмет на работењето неспецијализирана трговија на големо. Друштвото е застапник и дистрибутер на територијата на Република Северна Македонија за голем број на брендови на прехрамбени производи, моторни масла, батерии, парфеми, тоалетни води и дезодоранси, декоративна козметика, производи за лична хигиена, производи за нега, производи за одржување на хигиена во домаќинствата

-**КАНАРИЈА д.о.о. за давање на услуги на марина**, е со предмет на работење дејности на марини. КАНАРИЈА, д.о.о. за давање на услуги на марина е друштво кое особено се занимава со дејности на марини (наутички услуги кои се состојат од поморски и крајбрежен транспорт, изнајмување на пловни превозни средства, превоз за сопствени потреби, услуги на управување и приврзување/одврзување на пловни објекти на туристи, одржување и поправка на бродови и други пловни објекти) на територијата на Република Хрватска, а во помал обем и со услуги на изнајмување на деловен простор. КАНАРИЈА, д.о.о. за давање на услуги на марина нема зависни и поврзани друштва и целокупната деловна активност ја обавува исклучиво на територијата на Република Хрватска.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под

одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**